Бр./Nr 12-3928/4
02-02-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на првото продолжение на 99-та седница одржана на 30.01.2024 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр.12-3928/1 од 09.08.2023 година, оформен по доставена пријава со наводи против градоначалникот на Општина ---, за давање на користење на објект сопственост на општината, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај од причина што за пријавените наводи надлежни се други органи.

За разрешување на овој спор Општина --- може да поведе судска постапка.

Предметот со бр. 12-3928/1 од 09.08.2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 09.08.2023 година, поднесена е пријава со наводи против градоначалникот на Општина --- за давање на користење на деловен објект сопственост на општината и оформен е предмет број 12-3928/1 од 09.08.2023 година.

Во пријавата подносителот наведува дека Општина --- спротивно на закон има дадено на користење деловен објект сопственост на општината кој се наоѓа во ---.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК писмено се обрати до градоначалникот на Општина ---, со барање за доставување информации дали е даден на користење објект во сопственост на општината и ако да, кој е правниот основ и која постапката е спроведена за давање на користење на објектот. Доколку е склучен договор за давање на користење на објектот, побарано е истиот да биде доставен.

Во доставениот одговор од страна на општината е наведено дека :Општина --- е сопственик на деловниот објект запишан на ---. Од увидот во книговодствената евиденција во 2015 година, констатирано е дека владение врз објектот има ---.

Од страна на општината е доставено барање до --- да го предадат објектот на владение на општината во определениот рок. Барањето не било испочитувано, објектот не бил предаден на владение на општината и од тоа причина општината се обратило до --- за судски вештачења, за изготвување на вешт наод за идентификација на објектот, како и фактичка состојба на моментот на вештачењето.

Во повторно доставеното барање до --- било побарано истите да достават правен основ за користење на објектот, меѓутоа наместо правниот основ --- доставиле тековна состојба.

Согласно наведеното општината побарала за да испразни објектот и истиот да се врати во владение на општината во определениот рок. По доставеното трето барање, од страна на --- до Општината --- бил доставен Договор за користење на простории склучен на неопределено време помеѓу --- и ---.

Согласно горенаведеното може да се заклучи дека Општина --- ги има превземено сите легитимни дејствија за враќање на деловниот објект во нивно владение. За разрешување на овој спор општина --- може да поведе судска постапка.

Од горенаведеното се констатира дек ДКСК нема елементи за надлежно постапување и поради тоа одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Доставено до:**
**- подносителот на пријавата**

Одобрил: Н.Б

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk